Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Arsimit dhe Shkencës

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
17-12-2024
40-9920/2

Бр. 12-11829/2
Скопје, 13 DEC 2024 година

**До: Генерален секретеријат, Влада на Република Северна Македонија**
**Институт за европска политика**

**Предмет: Одговор**

**Врска: Ваш број 40-9920/1 од 08.10.2024**

Во врска со Вашиот допис заведен под горенаведениот број и датум, со кој барате Министерството за образование и наука да се произнесе за релевантноста на иницијативата на Институтот за европска политика, под наслов "Унапредување на степенот на инклузија на лицата со попреченост во општеството", вклучително и во изборните процеси, Ве известуваме за следното:

По детално разгледување на иницијативата, конкретно делот „проблеми и потреби", каде е нотиран недостаток на образовни асистенти во основните и средните училишта за децата со попреченост, сакаме да напоменеме дека во основното образование оваа учебна година се ангажирани 1018 образовни асистенти кои даваат поддршка на учениците со попреченост во основното образование.

Во однос на средното образование изготвен е нов, целосно инклузивен Закон за средно образование со којшто ќе биде дефинирана и регулирана инклузијата на учениците со попреченост во средното образование, како и соодветната образовна поддршка за секој ученик вклучен во редовниот наставен процес. Новиот Предлог-Закон за средно образование е во завршна фаза на донесување.

Во делот „објаснување на иницијативата" е акцентирана потребата од усогласување со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост. Во тој контекст, сакаме да напоменеме дека законот за основно образование е целосно инклузивен, го уредува инклузивното образование и е усогласен со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, исто како и новиот Предлог- Закон за средно образование, со кој се обезбедува систематски пристап за поттикнување на когнитивниот, социо емоционалниот и психомоторниот развој на ученикот согласно со неговите развојни карактеристики, потенцијали и афинитети, како и обезбедување на пристап до висококвалитетно и инклузивно образование за учениците од сите возрасти. Воедно, обезбедува стекнување вештини за секојдневно живеење и социјален развој кои ќе го олеснат нивното целосно и еднакво учество во образованието и како членови на заедницата.

Предлог-Законот за средно образование во целост ја следи Конвенцијата за правата на лицата со попреченост во насока на остварување на правото на образование без дискриминација и врз основа на еднакви можности, развој на


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

личноста, талентите и креативноста, како и интелектуалните и физичките способности на учениците со попреченост, до ниво на целосен потенцијал.

Исто така, во делот „објаснување на иницијативата“ се наведува дека е потребно зголемено вработување на специјални едукатори и образовни асистенти, како и дефинирање на нивните квалификации. Во однос на ова, сакаме да напомене дека вработувањето специјални едукатори и образовни асистенти во основното образование, секоја учебна година континуирано се зголемува, а квалификациите на образовните асистенти се уредени во Правилникот за нормативот, описот на компетенциите и работните задачи за образовниот и личниот асистент.

Согласно горенаведеното, Министерството за образование и наука, постојано работи на полето за континуирано унапредување на инклузивното образование, односно учениците со попреченост непречено се вклучуваат во образованието, притоа водејќи сметка за подобрување на физичката пристапност до училишните објекти, давање поддршка за обезбедување ресурси во соработка со општините и невладиниот секто. Воедно Министерството за образование и наука останува посветено на понатамошна соработка со сите релевантни институции и партнери кои дејствуваат во областа на инклузивното образование.

Од оваа причина, Министерството за образование и наука е на мислење дека иницијативата „Унапредување на степенот на инклузија на лицата со попреченост во општеството" во делот кој се однесува на образование е нерелевантна и неприфатлива со оглед на фактот дека сите нотирани проблеми и предлози веќе се имплементираат во основното образование, додека во однос на средното образование се веќе предвидени во Предлог-Законот за средно образование и за нив се понудени конкретни решенија.

Со почит,

**МИНИСТЕРКА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**проф.д-р Весна Јаневска**

Подготвил: Розалија Бошковски/Мирјана Златанова
Контролирал: м-р Даниела Граороска Саздова
Одобрил: Билјана Казанџиска/Наталија Кижевска
Согласен: Државен секретар, Елена Ивановска


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk